**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 10.07.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 3196 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 10 јули 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма преку сателит и јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Нема, но со Писмениот извештај за извршен административен надзор (вонреден) бр.03-3123/1 од 03.07.2018 година беше даден предлог директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   Образложение: При увид во податоците за сопственичката структура, уредниците и економското работење на ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје во 2017 година Агенцијата констатираше дека на 31.12.2017 година во телевизијата било вработено само едно лице, и тоа како управител, односно директор. Поради тоа, на 26.04.2018 година Агенцијата со писмен допис (наш бр.03-2142/1) побара од радиодифузерот, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот.

   Заклучно со 02.07.2018 година радиодифузерот не ги достави во Агенцијата бараните документи, поради што беше извршен вонреден административен надзор со кој беше констатирано дека не ги исполнува минималните кадровски услови. Поради тоа беше даден предлог директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на овој радиодифузер.

Во меѓувреме, поточно на 9-ти и 10-ти јули 2018 година ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје достави во Агенцијата вкупно 34 договори склучени помеѓу радиодифузерот и 34 физички лица, од кои е видно дека во телевизијата се вработени вкупно 34 лица, од кои 10 со висока стручна спрема, ангажирани како новинари.

7. **Предлог:** Имајќи предвид дека ТРД КАНАЛ 5 ПЛУС ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава предлог да не се покрене постапка за одземање на дозволата на овој радиодифузер.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***